РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРУШЕВО
Бр. 03-348/1
09.05.2018 год.
КРУШЕВО

Врз основа на член 87-г од Статутот на Општина Крушево (“Сл.глесник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/14), а во врска со решението за разрешување на членови на Локален Младински Совет на Општина Крушево бр.08-257/7 од 23.02.2018 година, Градоначалникот на Општина Крушево објавува:

**Ј А В Е Н  П О В И К**
**за предлагање на кандидати за 2 (двајца) членови на Локалниот Младински Совет на Општина Крушево**

1. Се започнува постапка за избор на двајца членови на Локалниот Младински Совет на Општина Крушево.

Локалниот Младински Совет на Општина Крушево е советодавно тело на Советот на Општина Крушево, основан заради активно учество на младите во јавниот живот на општината.

Во Локалниот Младински Совет на Општина Крушево можат да бидат бирани млади, со постојано место на живеење на подрачјето на Општина Крушево, на возраст од 15-30 година.

2. Членовите на Локалниот Младински Совет на Општина Крушево се бираат со мандат до завршување на мандатот на членовите на Локалниот Младински Совет на Општина Крушево.

3. Право на предлагање на кандидати за членови во Локалниот Младински Совет на Општина Крушево имаат: невладини организации и здруженија на млади, ученички совети, студенски совети и други регистрирани облици на организирање на младите.

Врз основа на писмените предлози на предлагачите, на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општина Крушево ги избира членовите на Локалниот Младински Совет.

4. При предлагањето на кандидатите се поднесуваат следните обрасци кои се во прилог на овој Јавен повик, и тоа:

-образец СМ-1-предлог-кандидат за член на Локалниот Младински Совет на Општина Крушево;

-образец СМ-2-согласност за прифаќање на кандидатурата за член на Локалниот Младински Совет на Општина Крушево;

-образац СМ-3-изјава дека кандидатот за член на Локалниот Младински Совет на Општина Крушево е предложен согласно актите на здружението.

Документите мора да бидат потпишани и заверени од страна на овластено лице на здружението кое го предлага членот.

5. Кандидатот е должен покрај наведените документи во точка 4 да приложи:

-документација од која е видно дека кандидатот ги исполнува условите од точка 1 на овој Јавен повик (извод од матична книга на родените или фотокопија од лична карта);

-кратка биографија;

-фотокопија од регистрација на здужението.

Ненавремено доставените документи и нецелосната документација нема да се разгледуваат.

6. Рокот за поднесување на предлози за членови на Локалниот Младински Совет на Општина Крушево е 5 (пет) работни дена од денот на објавувањето на Јавниот повик на веб страната на Општина Крушво, вклучувајќи го и денот на објавувањето.

Потребните обрасци од точка 4 кои се прилог на потребната документација можат да се подигнат во просториите на Општина Крушево или да се преземат во електронска форма од веб страната на Општина Крушево.

Предлозите за кандидати за членови на Локалниот Младински Совет на Општина Крушево се доставуваат во просториите на општината, во затворен плик со назнака "Предлог кандидат за избор на членови на Локалниот Младински Совет на Општина Крушево" или по пошта на адреса: Општина Крушево ул."Никола Ѓурковиќ" бб Крушево, со истата назнака.

**Општина Крушево**
**Градоначалник,**
**м-р Томе Христоски**